**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**

Адреса: Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работењето на Македонски Телеком АД – Скопје во 2024 година

Овој Годишен извештај за работењето се однесува на Македонски Телеком АД – Скопје, (во понатамошниот текст: „МКТ“).

Во 2024 година, се забележува постепена стабилизација на македонската економија, иако и понатаму постојат одредени предизвици. Скромниот раст е поддржан со фискални и монетарни мерки, но структурните слабости и зависноста од надворешни фактори остануваат клучни причини за загриженост. Инфлацијата се намалува, но сепак продолжува да влијае на куповната моќ на потрошувачите. Напорите за зајакнување на инвестициите и индустриското производство се во тек, иако напредокот е нерамномерен. Деловната доверба покажува претпазливо подобрување, како одраз на оптимизмот и на долготрајните неизвесности. Иако перспективите се и понатаму неизвесни, тековните реформи и економските прилагодувања ќе бидат клучни за одржливото закрепнување.

И покрај тоа што работи во сложено економско опкружување со многу предизвици и со агресивна конкуренција, МКТ оствари раст во однос на претходната година со зголемување на приходите, што резултираше со повисока нето-маржа. Повисоките приходи беа остварени во сегментот на мобилна телефонија, каде позитивниот тренд особено доаѓа од постпејд услугите, поддржани од стабилната база на претплатници и поголемиот приход по претплатник. Приходите од фиксна телефонија забележаа раст како резултат на повисоките приходи од широкопојасен интернет и услуги базирани на VPN и интерконекција, а истовремено е забележано намалување на приходите од системска интеграција. МКТ планира да оствари раст преку искористување на интегрираните понуди, со фокусирање на приходите од услугите, јакнење на својата позиција на ИКТ пазарот како резултат на сѐ поголемата побарувачка за дигитализација, проширување на мрежите од следна генерација и задржување на позицијата на пазарот како давател на премиум услуги.

МКТ забележа раст на базата на корисници во сите три фокусни сегменти – постпејд, широкопојасен интернет и ТВ корисници. На крајот на 2024 година, МКТ имаше 233 илјади стабилни говорни пристапни фиксни линии и зголемена база на претплатници за 2,2%. Вкупниот број на претплатници на широкопојасни услуги се зголеми на 218 илјади на крајот од 2024 година, што претставува зголемување од 3,5% во однос на крајот на 2023 година. Бројот на корисници на IPTV на крајот од 2024 година достигна 159 илјади, што претставува зголемување од 5,5% во однос на крајот на 2023 година. Бројот на FTTH корисници достигна 126 илјади на крајот на 2024 година, што претставува зголемување од 11,6% во однос на крајот на 2023 година.

МКТ имаше 1.282 илјади претплатници на мобилна телефонија на крајот од 2024 година, со стабилен број на претплатници во споредба со претходната година. Густината на претплатници на пазарот на мобилна телефонија во Република Северна Македонија изнесува 130%. Како резултат на заситеноста на пазарот, МКТ постојано се фокусира на задржувањето на корисниците со цел да го заштити уделот на пазарот.

МКТ изгради значителна предност на пазарот од аспект на пенетрацијата на конвергентни услуги од фиксна и мобилна телефонија. MAGENTA 1 остана главна понуда на производи на МКТ, како во сегментот на приватни корисници така и во сегментот на деловни корисници. Генерирањето на позитивна вредност од домаќинствата што користат конвергентни производи, поедноставувањето на понудите на производи и овозможувањето дигитално корисничко искуство беа главните водечки насоки во 2024 година.

Фокусот постојано се става на миграцијата кон следната генерација на интегрирани гигабитни мрежи (FTTH и 5G) и на посветеноста да се обезбеди најдобро корисничко искуство, што резултираше со добивање на престижната награда Ookla за најдобра мобилна мрежа врз основа на податоците од Speed-test Intelligence коишто се однесуваат на супериорната брзина на мобилната мрежа, најголемото покривање на територијата на Македонија и најдобриот квалитет на мрежата.

Во текот на 2024 година, во рамките на ESG агендата (Заштита на животната средина, Општествена одговорност и Совесно корпоративно управување), МКТ успеа дополнително да ги намали емисиите на $CO_2$ и потрошувачката на енергија, како и да ја поттикне циркуларната економија, со што даде свој придонес кон процесот за спречување на климатските промени и ефикасно искористување на општествените ресурси.

**Надоместоци на Одборот на директори**

Подолу се прикажани расположливите податоци за надоместоците за членовите на Одборот на директорим (ОД) на МКТ коишто се однесуваат на применливиот период во 2024* година:

а) Податоци за примања во МКТ и во други друштва доколку членот е член на органи на управување и во други друштва (плата, надоместоци на плата, надоместок за членство, бонус, осигурување и други права)

| Име и презиме (применлив период) | Компанија каде членот е член на орган на управување | Плата | Надоместоци на плата | Надоместок за членство | Бонус | Осигурување | Други права |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Игор Милев | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член и Претседател на Одборот на директори) | 0 | 0 | 155.000 денари (нето) | 0 | 0 | Нема |
| Садула Дураки | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член и Заменик претседател на Одборот на директори) | 0 | 0 | 93.000 денари (нето) од 01.01.2024 to 29.05.2024 | 0 | 0 | Нема |
| Данијела Бујиќ | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| | Словак Телеком, (Одбор на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| | Словак Телеком, (Одбор за ревизија) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| Диана Анамариа Варкоњи | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| | Telekom New Media (член на надзорниот одбор) | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Лубор Жатко | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Magyar Telekom Nyrt. | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Борче Сиљаноски | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| | Magenta Telekom Austria | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| Vladimir Ivanovski | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| | Telekom Rendszerintegráció Zrt. Hungary | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени |
| Нина Ангеловска | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 62.000 денари (нето) од 01.01.2024 to 15.12.2024 | 0 | 0 | Нема |
| | Macedonian E-Commerce Association | 115.000 денари | | | 0 | 0 | Нема |
| Бардул Насуфи | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 62.000 денари (нето) од 01.01.2024 to 15.12.2024 | 0 | 0 | Нема |
| Петер Фаил | Македонски Телеком АД – Скопје (независен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| | ЈП ХТ д.д. Мостар, БиХ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| Младен Митиќ | Македонски Телеком АД – Скопје (независен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| Шкодране Дарлишта | Македонски Телеком АД – Скопје (независен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 62.000 денари (нето) од 01.01.2024 to 15.12.2024 | 0 | 0 | Нема |
| Аќиф Медиу | Македонски Телеком АД – Скопје (независен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 62.000 денари (нето) од 01.01.2024 to 15.12.2024 | 0 | 0 | Нема |

б) Податоци за вработување доколку членот има засновано работен однос кај друг работодавач (назив на работодавач, дејност, висина на плата, надоместоци на плата, бонус, осигурување и други права).

| Име и презиме (применлив период) | Назив на работодавач | Дејност на работодавач | Висина на плата | Надоместоци на плата | Бонус | Осигурување | Други права |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Никола Љушев | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Игор Милев | Адвокат Игор Милев | Адвокат | 50.000 денари | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Садула Дураки | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Данијела Бујиќ | Deutsche Telekom | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Диана Анамариа Варкоњи | Magyar Telekom Nyrt. (Унгарија) | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Лубор Жатко | Magyar Telekom Nyrt. | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Борче Сиљаноски | Deutsche Telekom AG | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Владимир Ивановски | Magyar Telekom Nyrt. (Унгарија) | Телекомуникации | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени |
| Нина Ангеловска | Универзитет за туризам и менаџмент | Образование | 30.110 денари | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Бардул Насуфи | Општина Струга | Јавна институација | 52.743 денари | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Петер Фаил | Deutsche Telekom AG | Телекомуникации | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени |
| Младен Митиќ | Словак Телеком (до мај 2024 година) | Телекомуникации | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени |
| | Deutsche Telekom AG (од јуни 2024 година) | Телекомуникации | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени |
| Шкодране Дарлишта | ЈУ од областа на здраството | Јавна институција | 49.000 денари | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Аќиф Медиу | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |

** Податоците за примањата и членството во орган на управување во други друштва и податоците за вработување се презентираат во обем, форма и содржина добиени од односниот член на Одборот на директори и МКТ нема извршено каква било проверка на точноста или целосноста на на таквите податоци.*

Дополнително, надоместоците за клучното раководство на МКТ, вклучувајќи ги и поврзаните даноци и придонеси, се прикажани подолу:

| *Во илјади денари* | 2024 |
|---|---|
| Краткорочни користи за вработените (вклучувајќи ги поврзаните даноци) | 57.992 |
| Законски пензиски придонеси за краткорочните користи | 9.868 |
| Останати законски придонеси за краткорочните користи | 4.444 |
| Долгорочни програми за стимулација | 79.732 |
| Останати плаќања | 2.323 |
| Вкупно | 154.359 |

Дополнителни информации за финансиското работење на МКТ, оперативните и сметководствените политики, се дадени во Финансиските извештаи на МКТ за годината којашто завршува на 31 декември 2024 година.

**Информација за учество на членовите на Одборот на директори на МКТ на состаноците одржани во 2024 година**

Одборот на директори на МКТ во текот на 2024 година одржа вкупно 10 состаноци, од кои 4 редовни состаноци и 6 вонредни состаноци, како и 2 гласања по електронска пошта.
Информација за учеството на членовите на Одборот на директори на МКТ на состаноците одржани во 2024 година е дадена подолу:

| **Име и презиме** | **Позиција** | **Присуство** | **Мандат** |
|---|---|---|---|
| Игор Милев | Неизвршен член и Претседател на ОД | 10 состаноци | 2024 |
| Садула Дураки | Неизвршен член и Заменик Претседател на ОД | 4 состаноци | до 29.05.2024 |
| Никола Љушев | Извршен член на ОД | 10 состаноци | 2024 |
| Нина Ангеловска | Неизвршен член на ОД | 5 состаноци | до 15.12.2024 |
| Бардул Насуфи | Неизвршен член на ОД | 10 состаноци | до 15.12.2024 |
| Данијела Бујиќ | Неизвршен член на ОД | 6 состаноци | 2024 |
| Диана Анамариа Варкоњи | Неизвршен член на ОД | 8 состаноци | 2024 |
| Борче Сиљаноски | Неизвршен член на ОД | 10 состаноци | 2024 |
| Владимир Ивановски | Неизвршен член на ОД | 10 состаноци | 2024 |
| Лубор Жатко | Неизвршен член на ОД | 9 состаноци | 2024 |
| Петер Фаил | Независен член на ОД | 9 состаноци | 2024 |
| Мартин Ренер | Независен член на ОД | 1 состанок | до 15.04.2024 |
| Младен Митиќ | Независен член на ОД | 5 состаноци | од 15.04.2024 |
| Шкодране Дарлишта | Независен член на ОД | 9 состаноци | до 15.12.2024 |
| Аќиф Медиу | Независен член на ОД | 9 состаноци | до 15.12.2024 |

**Зделки со заинтересирана страна**

Во продолжение се дадени детални податоци за зделките склучена со заинтересирана страна во 2024 година.

А) Со Одлука на Одборот на директори на МКТ донесена на редовниот состанок одржан на 20.03.2024 година, одобрено е склучувањето Договор за услуги за меѓународен IP Peering и глобален транзит со Маѓар Телеком, како зделка со заинтересирана страна со оглед на фактот дека Маѓар Телеком е единствен акционер на Каменимост Комуникации АД, акционер кој поседува 56,67% од вкупниот број на акции со право на глас издадени од МКТ. Овој договор е склучен на ден 29.05.2024 година за период од 2 години сметано од 1 јули 2024 година во вредност до 450.000,00 евра, со цел да им овозможи меѓународно IP поврзување на сите корисници на широкопојасен интернет на Друштвото.

В) Со Одлука на Одборот на директори на МКТ донесена на редовниот состанок одржан на 20.06.2024 година, одобрено е склучувањето на Аранжман за услуги кон Рамковниот договор за соработка и услуги со Маѓар Телеком, како зделка со заинтересирана страна со оглед на фактот дека Маѓар Телеком е единствен

акционер на Каменимост Комуникации АД, акционер кој поседува 56,67% од вкупниот број на акции со право на глас издадени од МКТ. Овој договор е склучен на ден 05.08.2024 година за период од 3 години во вредност до 62.000,00 евра, со цел да се овозможи користење на решението TWAMP (Двонасочен активен протокол за мерење).

**Ревизор**

Собранието на МКТ, на својата седница одржана на 29 мај 2024 година, донесе Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2024 година. Избраниот ревизор беше Дилоит ДОО Скопје.

МКТ не користи никакви други услуги од Дилоит ДОО Скопје освен ревизија на финансиски извештаи.

**Корпоративна општествена одговорност**

Друштвото известува за прашањата поврзани со животната средина и социјалните аспекти врз основа на начелото на транспарентност и во согласност со релевантните законски барања и добрите меѓународни практики. Во согласност со тоа, друштвото подготвува посебен извештај за корпоративната општествена одговорност како дел од Групацијата Дојче Телеком. Линкот до извештајот е достапен на веб-страницата на друштвото и во Прашалниците за корпоративно управување (GIQ2T) што се доставуваат до Македонската берза во делот 6 - Одржливост на засегнатите страни и социјални прашања.

**Регулатива и формирање на цени**

За цели на усогласување со Рамковните директиви на ЕУ 2009, во март 2014 година беше донесен Законот за електронски комуникации („ЗЕК") на Северна Македонија како примарно законодавство, и правилниците како секундарно законодавство

На 19 декември 2014 година беа донесени измени и дополнувања на ЗЕК. Една од најважните измени е имплементирана во член 75-а којшто ги регулира цените за меѓународен роаминг. Во согласност со овој член, Агенцијата за електронски комуникации („Агенцијата") има право со Решение да ги утврди максималните цени за услугите кои им се нудат на корисниците на роаминг од земјите со кои Република Северна Македонија има склучено договори за намалување на цените на роаминг услугите во јавните мобилни комуникациски мрежи.

Во март 2019 година, член 75-а беше изменет со цел да се овозможи проширување на RLAH регулативата (во роаминг како дома). На 5 април 2019 година, шест земји од Западен Балкан потпишаа договор со цел постепено укинување на дополнителните надоместоци за малопродажен роаминг до 1 јули 2021 година. Прописите за регионален роаминг на Западен Балкан беа инспирирани од Регулативата за роаминг на ЕУ. Поконкретно, договорот вклучува RLAH принцип (модел на роаминг како да си дома): од 1 јули 2021 година услугите за роаминг во регионот треба да се обезбедуваат по цените за националниот малопродажен сообраќај без дополнителен надомест за меѓународен роаминг. Договорот се применува само на територииите на земјите од Западен Балкан и нема влијание врз корисниците во Европската Унија. Земјите од Западен Балкан се: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија.

Во јули 2019 година, ЗЕК беше повторно изменет и беше додаден член 29-а со цел да се овозможи финансирање на Оперативно-техничката агенција. Со овој член, Агенцијата е должна да пренесе дел од средствата за финансирање на дејноста на Оперативно-техничката агенција, како што следува:

- 50% од вкупните реализирани приходи кои Агенцијата ги остварила за претходната календарска година од приходите од годишните надоместоци кои операторите ги плаќаат за надзор на пазарот, утврдени во годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната календарска година, усвоен од Комисијата на Агенцијата, и
- 10% од вкупните реализирани приходи кои Агенцијата ги остварила за претходната календарска година од приходите од годишните надоместоци за користење на радиофреквенции од страна на имателите на одобренија за користење на радиофреквенции, утврдени во годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната календарска година, усвоен од Комисијата на Агенцијата.

Агенцијата е должна да ги исплати износите на Оперативно-техничката агенција најдоцна до 15 април во тековната година.

Беа додадени нови членови 71-а, 71-б, 71-в, 71-г и 71-д со кои се бара воспоставување на Национална канцеларија за бродбенд компетентност - НКБК (Broadband Competence Office) како експертско и советодавно тело за поддршка на инвестиции во бродбенд мрежи.

Во април 2021 година, измените на ЗЕК беа донесени со усвојување на нови членови, од 166-а до 166-г, во врска со безбедноста на електронските комуникациски мрежи и контролата и мониторирањето од страна на соодветните институции. Во април 2022 година беше донесен нов Правилник со цел да може да се спроведат одредбите од ЗЕК.

Од 1 јануари 2022 година, МКТ беше повторно назначен за давател на Универзална услуга („УУ“) за период од 5 години за фиксни телефонски услуги и интернет од 12 Mbit/s и за обезбедување на услуга на крајни корисници со хендикеп.

Во април 2019 година, Министерството за информатичко општество и администрација подготви Национална стратегија за бродбенд во која што се утврдени следниве цели:

- До крајот на 2023 година, најмалку еден поголем град да биде покриен со 5G сигнал;
- До крајот на 2025 година, главните коридори на основната и сеопфатна патна мрежа во државата утврдени од Агенцијата да бидат покриени со непрекинат 5G сигнал;
- До крајот на 2027 година, сите градови во државата да бидат покриени со непрекинат 5G сигнал;
- До крајот на 2029 година, секој да има можност за пристап до интернет преку 5G со минимална брзина на пристап до интернет од најмалку 100 Mbps;
- До крајот на 2029 година најмалку 50% од вкупниот број на претплатнички договори на домаќинствата во цела држава, да имаат пристап до интернет од најмалку 100 Mbps;
- До крајот на 2029 година, сите домаќинства по прифатлива цена да имаат можност за пристап до мрежа која овозможува брзина за преземање од најмалку 100 Mbps со можност за надградба на гигабитна брзина;
- До крајот на 2029 година, сите јавни институции (училишта, универзитети, истражувачки центри и други образовни установи, здравствени установи, министерства, судови, локални самоуправи и други државни органи и тела), да имаат симетричен пристап до интернет со брзина од најмалку 1Gb/s.

**Регулирање на бизнисот на фиксна телефонија**

МКТ е оператор со значителна пазарна моќ („ЗПМ“) на големопродажните пазари на фиксни телефонски мрежи и услуги, вклучувајќи го и пазарот за пристап до мрежите за пренос на податоци и изнајмени линии. МКТ како оператор со ЗПМ има обврска да им обезбеди на своите претплатници пристап до јавните телефонски услуги на кој било оператор со кој има воспоставено интерконекција врз основа на официјално потпишан договор за интерконекција.

Во 2017 година, двата релевантни малопродажни пазари за фиксна телефонија: 1. Пристап до јавната телефонска мрежа на фиксна локација и 2. Јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација беа дерегулирани. Врз основа на тоа, МКТ повеќе не е оператор со ЗПМ и нема ex-ante регулативи за малопродажни фиксни услуги.

Според подзаконската регулатива, МКТ има обврска да ги објавува референтните понуди за големопродажните производи за интерконекција, разврзан пристап на локална јамка („ULL“), локален битстрим пристап („BSA“), референтна понуда за пристап (“RAO”) за обезбедување пристап до физичка инфраструктура и користење на специфични мрежни средства и терминирани сегменти на големопродажни изнајмени линии.

Правилникот за 112, единствениот број за итни повици беше донесен на 27 октомври 2015 година (Службен весник бр. 184/2015). Ажурираната верзија на правилникот беше донесена во 2021 година, а Центарот за управување со кризи (ЦУК) започна да ја обезбедува услугата во 2022 година.

**Регулирани големопродажни цени**

Во мај 2017 година, Агенцијата донесе Решение за определување на МКТ како оператор со ЗПМ на големопродажните пазари, локален и централен пристап на фиксна локација, релевантните пазари, 3а и 3б. Со истата анализа на пазарот, А1 Македонија (претходно one.Vip) беше определен за оператор со ЗПМ за првпат, со исти регулаторни обврски како и МКТ. А1 Македонија е должен да нуди големопродажни широкопојасни услуги на DOCSIS технологија. Врз основа на анализата направена во 2022 година, претходните одлуки беа потврдени без да се направат какви било промени.

Кон средината на 2019 година, Агенцијата спроведе ERT тестирање (методологија за определување на цени што се користат за истиснување на конкуренција) за широкопојасни големопродажни услуги на пристапни мрежи од следната генерација што ги обезбедуваат двата доминантни оператори (МКТ и А1 Македонија). Со развиениот ERT модел ќе се тестира можноста за економично реплицирање на малопродажните пакети, вклучувајќи ги и широкопојасните услуги со брзини на пристап поголеми од 30 Mb/s.

**Регулирање на бизнисот на мобилна телефонија**

МКТ има право на користење на следниве радиофреквенции за јавни мобилни комуникациски системи:

- 2 x 12.5 MHz во опсегот 900 MHz, период на важност: 8 септември 2008 година – 8 септември 2028 година (20 години)
- 2 x 10 MHz во опсегот 1800 MHz, период на важност: 9 јуни 2009 година – 9 јуни 2029 година (20 години)
- 2 x 15 MHz во опсегот 2100 MHz, период на важност: 17 декември 2008 година – 17 декември 2028 година (20 години)
- 2 x 15 MHz во опсегот 2100 MHz, со важност на лиценцата до 2028 година, нова
- 2 x 10 MHz во опсегот 800 MHz, период на важност: 1 декември 2013 година – 30 ноември 2033 година (20 години)
- 2 x 15 MHz во опсегот 1800 MHz, период на важност: 1 декември 2013 година – 30 ноември 2033 година (20 години)
- 2 x 10 MHz во опсегот 700 MHz, период на важност: 11 јули 2022 – 10 јули 2037 година (15 години) нова
- 100 MHz во опсегот 3.7-3.8 MHz, период на важност: 11 јули 2022 – 10 јули 2037 година (15 години) нова

Конкурентот А1 Македонија има право на користење на следниве радиофреквенции за јавни мобилни комуникациски системи:

- 2 x 12.5 MHz во опсегот 900 MHz
- 2 x 10 MHz во опсегот 2100 MHz
- 2x x 10 MHz во опсегот 2100 MHz, нова
- 2 x 10 MHz во опсегот 800 MHz
- 2 x 15 MHz во опсегот 1800 MHz
- 2 x 10 MHz во опсегот 800 MHz
- 2 x 15 MHz во опсегот 1800 MHz
- 2 x 10 MHz во опсегот 1800 MHz
- 2 x 10 MHz во опсегот 700 MHz, период на важност: 11 јули 2022 – 10 јули 2037 година (15 години) нова
- 100 MHz во опсегот 3.7-3.8 MHz, период на важност: 11 јули 2022 – 10 јули 2037 година (15 години) нова

Времетраењето на двете лиценци кои се позиционирани во пониските делови на опсезите што претходно ги поседуваше А1 Македонија беше до 2017 година, 10 MHz во опсегот од 900 MHz и 10 MHz во опсегот од 1800 MHz, и истекоа на 23 март 2017 година. Врз основа на барањето од А1 за продолжување на лиценцата, Агенцијата донесе Одлука бр. 0804-974 од 2 ноември 2016 да не ги продолжи овие две лиценци. Оваа одлука се базира на ефикасно и ефективно користење на спектарот на фреквенции и потребата за ослободување на радиофреквенции за влез на трет мобилен оператор на пазарот за да се поттикне конкуренцијата. Во моментов овие радиофреквенции не се доделени и не се достапни за продажба на постојните оператори. 2 x 15 MHz во опсегот од 2100 MHz е продолжена до 2028 година. Во септември 2023 година лиценцата на А1 во опсегот 2x900 MHz беше

продолжена за 5 години до 2028 година.

Малопродажните услуги што ги обезбедуваат  мобилните операторите во Република Северна Македонија во моментов не подлежат на ex-ante регулирање на цените.

МКТ е оператор со ЗПМ на големопродажниот пазар за услуги за завршување на говорни повици во мобилни комуникациски мрежи, со што му се наметнати неколку обврски: интерконекција и пристап, отсуство на дискриминација во однос на интерконекција и пристап, посебно сметководство и контрола на цени и сметководство на трошоци. А1 Македонија и сите три МВМО се назначени како оператори со статус на оператор со ЗПМ (значителна пазарна моќ) на релевантниот пазар за завршување на повици во мобилна мрежа.

Во 2020 година, Агенцијата спроведе нови анализи на релевантниот пазар за пристап и започнување на повик во мобилна мрежа. Регулаторните правни лекови наложени од Агенцијата се: заедничка доминантност на А1 Македонија и МКТ, исти корективни мерки за обата оператори, обврска за мобилен пристап за сите хибридни видови на MVNO (вклучувајќи и Препродавач), цена базирана на трошоци за целосни MVNO и малопродажен минус (-35%) за Препродавач, обврска за пристап до MMS услуги и мобилни податоци базирани на технолошка неутралност (вклучувајќи и 4G пристап). Во декември 2021 година, Агенцијата одобри нови намалени големопродажни цени за услуги за мобилни податочни услуги и SMS за MVNO.

На постапката за наддавање во рамките на јавниот тендер што се одржа во август 2013 година беше доделен целиот опсег 790 – 862 MHz заедно со неподелените фреквенции во опсегот 1740 – 1880 MHz за LTE (Long Term Evolution) технологија. Сите 3 македонски мобилни оператори добија лиценца за LTE радиофреквенции од 2x10 MHz (во опсегот 790 – 862 MHz) и 2x15 MHz (во опсегот 1740 – 1880 MHz). Секоја лиценца беше добиена за еднократен надомест од 10,3 милиони евра (634.011 илјади денари). Лиценцата на МКТ важи 20 години, до 30 ноември 2033 година, со можност за продолжување до 20 години во согласност со ЗЕК.

Тендерот за 5G беше одржан во 2022 година и, како резултат на тоа, беше продаден спектар во вкупна количина од 2x20 MHz на 700 MHz и 228,5 MHz во опсегот 3.x GHz.

**Конкуренција**

Конкуренцијата во телекомуникацискиот бизнис е добро развиена во сите сегменти. Двата главни интегрирани учесници на пазарот кои нудат целосно портфолио на фиксни и мобилни услуги го обликуваат телекомуникацискиот пазар во Северна Македонија: МКТ и А1 (подружница на Групацијата Телеком Австрија).

На пазарот на мобилна телефонија има четири MVNO со помали удели на пазарот. Во К4 2024 година, еден од нив (МТел) објави дека е завршено преземањето на  Lycamobile во Северна Македонија, со што фактички се намали бројот на MVNO на 3 кон крајот на 2024 година.

Пазарот на фиксна телефонија е фрагментиран со повеќе од 50 даватели на ТВ и широкопојасни услуги, повеќето од нив со регионално покривање.

Портфолиото на производи на сите оператори е доминантно базирано на пакет производи. Кабелските оператори формираат пакети од нивните ТВ понуди со интернет и фиксни говорни услуги.

А1 Македонија, како интегриран оператор, нуди сеопфатно портфолио на услуги - мобилни и фиксни говорни услуги, мобилен и фиксен широкопојасен интернет, ТВ и ИКТ решенија. Главниот фокус е на мобилните постпејд услуги, пакетите со фиксни услуги, како и пакет понудите со конвергентни услуги.

Телекабел е најголем давател на кабелски услуги меѓу 30 активни кабелски оператори, со силно присуство во региони каде МКТ има низок удел на пазарот. Тие се присутни и на пазарот на мобилна телефонија, како MVNO што нуди постпејд услуги. Со нудење на сите фиксни и мобилни пакет услуги, тие станаа трет целосно интегриран учесник на пазарот.

Телеком Србија (ТС) влезе на пазарот во четвртото тримесечје од 2021 година преку регионалниот бренд Mtel, првично нудејќи сателитска телевизија. Понудите за услуги на мобилна телефонија беа воведени една година подоцна, во К4 од 2022 година, како MVNO. Во четвртиот квартал од 2023 година, MTel воведе целосно нова интерактивна ТВ платформа „Move TV". Кон крајот на 2024 година, MTel ја презема Lycamobile во Северна Македонија со нивната целокупна (припејд) база на претплатници.

На 31 декември 2024 година, според нашите најдобри проценки, МКТ имаше удел на малопродажниот пазар на фиксен широкопојасен интернет од 46%, удел на пазарот на ТВ услуги од 36% и удел на малопродажниот пазар на фиксни говорни услуги од 62% (извор: интерни најдобри проценки за развојот на пазарот базирани на официјалниот извештај на Телеком Австрија за третото тромесечје од 2024 година и извештајот на АЕК за второто тромесечје од 2024 година). На пазарот на мобилна телефонија, уделот на пазарот на МКТ се проценува на 48% (извор: интерни најдобри проценки базирани на официјалниот извештај на Телеком Австрија за третото тромесечје од 2024 година и извештајот на АЕК за второто тромесечје од 2024 година).*

*Сите удели на пазарот се базираат на логиката за производите на Телеком Австрија, каде 4G рутерите се дел од известувањето за мобилна телефонија.

**Маркетинг и продажба**

Во 2024 година, МКТ го одржа трендот на раст на базата на корисници во сите главни сегменти: постпејд, Магента 1, Интернет и ТВ.
Со силен фокус на обезбедување врвно корисничко искуство, во текот на 2024 година, МКТ воведе неколку понуди и кампањи, а некои од најистакнатите се:

- Нова ТВ платформа со супериорно корисничко искуство
- Ново Магента 1 портфолио со нова Магента ТВ
- Најбрза фиксна и мобилна мрежа – потврдено од OOKLA
- Најдобро искуство во домот со Магента дом

**Најдобра мобилна мрежа и најбрза мобилна и фиксна мрежа во Македонија и најголема оптичка мрежа**

Супериорноста на мрежата останува клучен стратешки приоритет кој продолжува да се реализира преку интензивно ширење на оптичката мрежа и покриеноста со 5G мрежа. Во 2024 година, МКТ ја задржа својата позиција на оператор со најдобра мрежа и доби престижна награда од OOKLA за најдобра мобилна мрежа и најбрза мобилна и фиксна мрежа.

**Дигитално корисничко искуство и дигитална трансформација**

Беше воведен нов и целосно иновативен пристап за интеракција со корисниците, којшто овозможува подобро корисничко искуство, повеќе придобивки, 24/7 достапност за беспрекорно обезбедување услуги, како и проширување на портфолиото на целосно дигитални процеси за комплетирање на корисничкото искуство на корисниците на мобилни услуги, вклучително и купување на нови линии и преносливост на мобилниот број.

Во 2024 година фокусот остана на подобрување на корисничкото искуство при користењето на апликацијата Телеком МК којашто обезбедува нов сет на дигитално достапни производи и услуги коишто се достапни за активација без потреба од контакт со вработените на МКТ, практично во реално време, за корисниците на мобилни, Интернет и ТВ услуги како од сегментот на приватни така и од сегментот на деловни корисници.

Во 2024 година докажавме дека сме лидери во областа на дигитализацијата. Нашата посветеност за обезбедување извонредно дигитално искуство беше препознаено од нашите корисници со тоа што достигнавме бројка од 350 илјади активни корисници на апликацијата Телеком на месечно ниво.

**Magenta moments**

Во 2024 година, програмата Magenta Moments доживеа значителен раст и зголемена прифатеност кај дигиталната публика. Со проширена палета на партнери во различни категории и региони, Magenta Moments продолжува да биде главен фактор за подобрување на искуството и задоволството на корисниците.

**ТВ и поврзување**

Во 2024 година беше воведена новата Магента ТВ. Поддржана со ново тарифно портфолио коешто вклучува ТВ услуга во сите пакети, таа резултираше со најголем раст на базата на ТВ претплатници од 2020 година.

Целосно интегрираната Магента ТВ на повеќе екрани целосно ја замени досегашната услуга MaxTV GO и ќе ја замени старата IPTV услуга базирана на STB во наредните години.

Во 2024 година беше реализирано долгорочното продолжување на соработката со неколку важни и големи партнери за ТВ содржини, како што се групата Warner Bross Discovery за брендирани содржини како HBO, MAX, Discovery и Turner, најголемите даватели на спортски содржини во регионот (Arena Sport и Sport Klub), многу други партнери за содржина и освежување на понудата на содржини наменета за ТВ корисниците кои зборуваат албански јазик.

На страната на широкопојасниот интернет, воведувањето на корисничка опрема базирана на софтвер RDK донесе значителна додадена вредност и диференцијација на широкопојасните услуги наменети за приватните корисници. Заедно со услугата WiFi Booster (интегриран MESH), ќе придонесе за уште подобро корисничко искуство во домот на најдобрата и најбрзата мрежа на пазарот. Ваквата позиција на најбрзи фиксни и мобилни мрежи во Македонија беше препознаена од нашите корисници, но и уште еднаш официјално потврдена од OOKLA како водечки сервис за мерење брзина.

Надградената услуга за безбедност на интернет „SafeNet Mobile“ која што беше воведена за корисниците на за мобилен и фиксен широкопојасен интернет, нуди сајбер безбедност и врвно корисничко искуство.

**Заштита на животната средина и корпоративна одговорност**

Во 2024 година, МКТ ја продолжи својата успешна програма за еко-иницијатива „Рециклирај за нов паметен телефон“. Оваа програма има за цел да ја подобри еколошката свест и значително да го намали електронскиот отпад. Со промовирање на одговорни практики за рециклирање, МКТ не само што придонесува за одржливост на животната средина, туку и ги охрабрува потрошувачите да направат информиран избор за нивните електронски уреди. Ваквите иницијативи се од витално значење во тековните напори за справување со сѐ поголемиот проблем со електронскиот отпад и поттикнување на култура на одржливост во технолошката индустрија.

**Деловни корисници**

Во 2024 година продолживме да се фокусираме на обезбедување на најдобро корисничко искуство, нудејќи го нашиот главен производ Magenta 1 Business. За да го постигнеме ова, понудивме персонализирана услуга - интернет, телефонија и услуги „во облак“ на една сметка. Нашата цел беше да понудиме многу повеќе од телекомуникациски услуги и да ја искористиме технологијата за да отвориме нов свет на искуство и дигитализација за нашите деловни корисници.

Еден од главните фокуси во 2024 година беше нудење повеќе безбедносни производи за деловните клиенти. Воведовме два значајни производи за да безбедност на бизнисот на корисниците во дигиталниот и сајбер свет. Во првото тромесечје ја воведовме услугата BackUp Business којашто нуди едноставна платформа за правење резервна копија на сите нивни критични деловни податоци во дата центар на МКТ. Во третото тромесечје ја воведовме услугата SOC (Security Operation Centre) како услуга наменета за малите и средни бизниси, која што обезбедува проактивна безбедносна заштита на сите ИТ уреди во мрежата на корисниците. Главната цел на SOC е да ги открие малициозните закани и соодветно да реагира, обезбедувајќи сигурна ИТ средина. Дополнително, за да обезбедиме побезбедно прелистување на интернет, во второто тромесечије распоредивме нова OnNet (DNS)

безбедносна платформа и ги префрливме сите корисници од старата на новата платформа.

2024 година беше и година на воведување напредни ИКТ и дигитални решенија. Во текот на годината беа воведени неколку паметни решенија, како што се Паметно мерење и управување со електричната енергија (ПМУЕЕ) и Телемедицина. ПМУЕЕ како паметно решение за мерење и управување со електричната енергија, овозможува детален увид во потрошувачката на електрична енергија и следење на многу технички параметри, во реално време. Во рамките на програмата Телемедицина воведовме паметно решение за следење на виталните параметри на медицинските пациенти, прво во Северна Македонија и во регионот. Виталните параметри се следат во реално време и се пренесуваат до централната локација до тим од лекари, специјалисти. На тој начин, пациентите можат да добијат многу подобра дијагноза и третман од удобноста на своите домови. Дополнително, почнавме да обезбедуваме кардиолошки софтвер како услуга која што нуди бројни поволности за здравствените установи.

На крајот на 2024 година ја воведовме OMNI, платформа базирана на облак која што овозможува персонализирана масовна комуникација преку повеќе канали, вклучувајќи SMS, е-пошта и Viber, преку еден интерфејс. OMNI го поедноставува создавањето кампањи, управува со повеќе канали за комуникација, ја подобрува интеракцијата, го следи успехот на кампањата, ги оптимизира ресурсите и го поттикнува растот на приходите.
Како издавач на дигитални сертификати за електронски потписи, печати и временски печати, ја завршивме надградбата на инфраструктурата во согласност со Правилникот за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции и успешно ја завршивме повторната сертификацијата за квалификуван давател на доверливи услуги во октомври 2024 година.

Развојот на нови функционалности на дигиталните канали за нашите корисници продолжи да биде еден од највисоките приоритети во сегментот на деловни корисници (B2B) во 2024 година. Воведовме широк спектар на функции што му овозможија на одговорното лице на Друштвото дигитално да управува со услугите на Телеком во апликацијата OneApp. Одговорното лице на компанијата сега има преглед на фиксните и мобилните броеви на компанијата, нивото на користење за секој број на компанијата, преглед на дополнителните трошоци како и можност за активирање на дополнителни услуги, преглед на сметка и плаќања за последните 6 месеци.

Континуираниот професионален развој е клучен за зајакнување на вработените со знаењата и вештините што им се потребни за да се истакнат на нивните работни места. Препознавајќи го ова, презедовме значителни чекори за да го подобриме нашето образование, со цел да осигуриме дека нашиот тим ќе ги има сите можности да одговори на барањата на индустријата. Исто така, стекнавме голем број млади таленти кои значително придонесуваат за развојот на нови услуги и алатки во областа за деловни корисници.

Со цел да ја задржиме водечката позиција како прв партнер за дигитализација на општеството и бизнисите, продолживме да го објавуваме списанието T-Business, со цел навремено информирање за најновите развои во областа на дигиталната трансформација, најсовремените решенија и најновите индустриски трендови. Со оглед дека бизнисите работат во еден сè покомплексен дигитален свет, за да ја задржат својата конкурентна предност потребен им е пристап до иновативни технологии и стратешки насоки. Од брз интернет и решенија за е-здравство па се до иновации на паметни градови, безбедносни подобрувања и дигитализација на претпријатијата, списанието T-Business ги опфаќа клучните теми коишто ја обликуваат иднината на бизнисот. Без оглед дали станува збор за оптимизирање на работењето, подобрување на поврзаноста или осигурување безбедност на податоците, ние обезбедуваме драгоцено знаење за да им помогнеме на компаниите да напредуваат и да успеат на овој динамичен пазар.

Во декември МКТ ја организираше втората Т Бизнис конференцијата, на која пред повеќе од 300 присутни, МКТ презентираше иновативни деловни решенија како одговор на предизвиците на новата ера. Стручни лица од МКТ и од групацијата ДТ го споделија своето знаење, експертиза и најдобри практики поврзани со клучните теми на конференцијата коишто опфаќаа клаудуфикација, паметни решенија и сајбер безбедност. Најавивме и развој на паметни решенија во областа на телемедицината коишто целосно ќе ја револуционизираат оваа област.

Зголемувањето на задоволството на врвните деловните клиентите е уште една цел што беше постигната во 2024 година, што јасно се одрази со зголемување на TRIM индексот во третото тромесечје од 2024 година со 29 поени разлика во однос на главниот конкурент на пазарот и задржување на водечката позицијата во B2B DT EU во однос на овој KPI.

**Големите брендови имаат голема одговорност**

Технолошки, ние сме повеќе поврзани од кога било, но дали сме навистина поврзани? А што не спречува навистина да се поврземе? Тензиите и предизвиците со коишто се соочуваме денес водат до изолација, исклучување и затворање. Овој парадокс ја инспирираше нашата комуникациска иницијатива во 2024 година „Да направиме место за вистински да се поврземе". Кампањата користи емоционални и локално релевантни наративи за да ја нагласи емпатијата, меѓусебното разбирање и трансформативната моќ на технологијата.

Фокусирајќи се на поврзувањето како алатка за колективен напредок, а не само за индивидуална погодност, се позициониравме како давател на услуги кој овозможува градење на поинклузивно, дигитално пооптимистичко општество. Во текот на годината, нашите иницијативи за бренд и маркетинг комуникации се фокусираа на премостување на поделбите, поттикнување доверба и зајакнување на заедниците преку насочено и иновативно раскажување приказни.

За да ја засилиме моќта на нашата порака онака како што заслужува, соработувавме со локални млади уметници - „Место" е целосно авторска песна на добро познатите млади уметници Јанг Дади, Матеј Фолц и Зи Бомб. Друг голем проект беше театарската претстава што ја поставивме во соработка со Македонскиот народен театар, која беше голем хит во јавноста и остана на репертоарот на МНТ.

Ја завршивме годината во висок стил, со меѓународната комуникациска платформа „ Поврзувањето почнува кога бариерите ќе се скршат", следејќи го истиот локален тон што веќе го имавме воспоставено. Нашите напори силно одекнаа низ македонското општество, што е видливо во метриката на нашиот бренд - одржавме солидна оценка за афинитет кон брендот од над 70%, при што оценката на нашите конкуренти се намали на речиси 50%.

МКТ ја започнува 2025 година како најдобро перципиран, најпосакуван и најомилен телекомуникациски бренд во Северна Македонија, далеку пред својата конкуренција, и покрај нивните напори. Во 2025 година ќе продолжиме да поврзуваме - не само мрежи, туку и срца и умови.

**Извонреден квалитет на услугите**

Во 2024 година, според нашите редовни истражувања на задоволството на корисниците, МКТ успеа да ја задржи лидерската позиција кога станува збор за задоволството на корисниците во однос на сите услуги имено услугите за мобилна и фиксна телефонија и конвергентните услуги, со што го продолжи трендот од претходните години.

За да се подобри ориентацијата кон корисниците и да се зајакне нашето регионално присуство, точките за контакт со корисниците добија обединети тимови и беа поделени на неколку региони. Сите главни продажни места беа споени со теренски технички услуги со цел да ги освојат срцата на корисниците и да се оствари раст. Обединетите тимови продолжија да ги следат најновите трендови во обезбедувањето најдобро корисничко искуство, каде што корисниците можат да ги истражуваат понудените производи и услуги. Поддршката од нашите продажни агенти е секогаш тука да им помогне на нашите клиенти да ја изберат најдобрата понуда за нивното домаќинство. Продажните канали како оние за продажба од врата-до-врата и телепродажбата останаа во фокусот со значителен придонес во вкупните резултати од продажбата. Техничките услуги за корисници (монтажа и отстранување пречки) се обезбедуваа навремено, на задоволство на нашите корисници.

МКТ е непоколеблива кога станува збор за обезбедувањето ефикасна и непрекината (24x7) корисничка поддршка. МКТ обезбедува поддршка за барањата на корисниците (за информации или за решавање проблеми) преку различни канали. Традиционалната поддршка преку повици сè уште е доминантна, но таа се префрла на дигиталните и пишаните канали, и вклучува разговори во живо на веб, социјалните медиуми (Фејсбук, Твитер, Инстаграм) и апликацијата Телеком МК, а сето тоа е насочено кон приближување до нашите корисници на каналите што тие ги претпочитаат. Продолживме да ги развиваме можностите на чатботот со цел да обезбедиме побрзи, автоматизирани и прецизни одговори. Во 2024 година, покрај редовниот веб-чет, МКТ имплементираше видео чет за корисниците кои претпочитаат да користат таков канал на комуникација. Видео-чат е достапен за продажни цели, како и за решавање на технички или други прашања.

МКТ активно собира повратни информации од своите корисници и врши мерење на мерење на Net Promoter Score со цел да разбере какво е нивното мислење за квалитетот на нашите услуги, производите што ги користат и брендот воопшто, со главна цел континуирано подобрување во сите насоки што резултира со подобрувањето на корисничкото искуство.

**Истражување и развој**

**ИКТ**

МКТ продолжува да води на пазарот со технолошки иновации. Нашите развојни напори се фокусирани на клучните области како што се паметни градови, паметно мерење енергија, телемедицина, решенија за сајбер безбедност и комуникациски платформи базирани на облак.

***Паметно мерење и управување со енергија, паметно осветлување и решенија за паметни градови***

Во 2024 година успешно го надградивме нашиот паметен контролер за мерење и управување со енергија (SEMM). Новата верзија вклучува вградено напојување, куќиште дизајнирано во рамки на компанијата и соодветна PCB антена. Антената, којашто беше развиена од нашиот инженерски тим, е прецизно наместена на LTE опсезите што се користат на нашата мобилна радио мрежа. Ова решение е веќе имплементирано за три владини клиенти и еден комерцијален клиент, при што сите постигнаа значителни заштеди на енергија.

Како дополнување на SEMM контролерот, нашиот тим дизајнираше контролер за паметно осветлување, со PCB развиено во рамките на компанијата, NEMA штекер и компактна PCB антена. Оваа антена беше специјално дизајнирана за опсези со повисоки фреквенции за да ги задоволи строгите барања за големина на контролерот.

Во нашите B2G (Business-to-Government) решенија, SEMM контролерот е поставен во уличните кабинети за управување со потрошувачката на енергија во сегментите на уличното осветлување, додека контролорите за паметно осветлување се инсталирани на поединечни улични светилки. Ова овозможува независно управување со енергијата за секоја светилка, вклучувајќи флексибилно затемнување и распоред на работа, со што се постигнува поголема енергетска ефикасност отколку само со користење на SEMM.

Горди сме што го добивме тендерот за проект за паметно улично осветлување што опфаќа со 5.000 улични светилки во градот Велес. И SEMM и контролорите за паметно осветлување беа произведени во Македонија, целосно тестирани и интегрирани со нашата IoT платформа што беше развиена во рамките на компанијата. Поставувањето е планирано за првиот квартал од следната година.

Веќе неколку години обезбедуваме решенија за паметни градови и продолжуваме да ги одржуваме системите во Скопје, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Василево, Крива Паланка и Кочани. Нашите решенија за паметно осветлување го подобруваат квалитетот на животот на граѓаните преку зголемување на доверливоста, сигурноста и безбедноста на уличното осветлување, а истовремено им помагаат на општините да ги намалат трошоците за електрична енергија.

***Решенија за телемедицина***

Воведовме две решенија за телемедицина кои користат напредна технологија за хуманитарни цели:

1. Далечинско следење и рано откривање:

Во партнерство со НАЛАС (Мрежа на асоцијации на локални власти на Југоисточна Европа), имплементиравме решение за далечинско следење во главниот здравствен дом во Делчево. Овој систем овозможува рано откривање, навремена интервенција и дијагноза. Забележителен успех беше спречувањето на срцев удар, со што се здоби со широко признание во балканските медиуми.

2. Решение за кардиологија и снимање на ехо:

Ова решение е усвоено од две специјализирани здравствени установи, и овозможува секојдневно складирање и споделување на ЕКГ снимките на нашата платформа во облак. Повратните информации од корисниците укажуваат на голем интерес за решението, поради што се развива нова верзија. Креиравме и посреднички софтвер за интеграција со софтверот Prima Medica, што нашироко се користи за закажување и евиденција на пациентите во системите за јавно здравје во Северна Македонија. Дополнително, дизајнираме интеграција со решението за радиолошко снимање од трета страна за да одговориме на потребите на две големи болници.
Нашето телемедицинско решение за следење на виталните знаци за време на транспортот на пациентите е успешно тестирано, а интерес за него изрази еден голем потенцијален клиент. Ова решение има значителен потенцијал за подобрување на квалитетот на здравствената заштита.

***Паметни водомери***

Заедно со Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ) (герм. Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit) имплементиравме решение за паметни водомери во три општини (Кавадарци, Дојран и Крушево), инсталирајќи вкупно 1.000 паметни водомери. Овие системи овозможуваат следење на потрошувачката на вода во реално време, прецизно фактурирање, откривање измами и спречување на загуби. Општините известуваат за подобрена рационализација на потрошувачката на вода, со што се преземаат чекори за решавање на прашањето за зголемениот недостиг на овој витален ресурс.

***Решенија за сајбер-безбедност***

Нашето стандардно решение за сајбер-безбедност ги штити бизнисите од сите големини од компјутерски криминал и безбедносни пропусти. Успешно го имплементиравме кај десетина средни и големи корисници.

***Комуникациска платформа базирана на облак: OMNI***

Во 2024 година ја воведовме OMNI, комуникациска платформа базирана на облак (CPaaS) дизајнирана за бизниси кои имаат потреба од ефикасна комуникација на повеќе канали. OMNI поддржува комуникација по SMS, Viber и е-пошта со функции како што се:

- **Масовни SMS пораки:** латинична и кирилична поддршка, „закажани" пораки и напредно известување.
- **Бизнис пораки на Viber:** интерактивно, персонализирано испраќање пораки со мултимедијални содржини, целосна енкрипција и префрлање на SMS во случај на недостапност на сервисот.
- **Масовни пораки по е-пошта:** HTML поддршка, A/B тестирање, статистичко следење и наменски IP-адреси за подобрени стапки на доставување.
- **Напредна аналитика:** увид во ефективноста на кампањата, стапките на доставување и следење на трошоците.

OMNI беше добро прифатена од средните и големите корисници. Во 2024 година склучивме неколку договори, а очекуваме значителен раст на продажбата во 2025 година.

**Мрежна технологија**

Како доминантен оператор на фиксна и мобилна телефонија на пазарот, МКТ чувствува одговорност да ги направи технологијата и иновациите сеприсутни и универзални. Главен приоритет на компанијата во 2024 година беше да ја направи технологијата достапна за сите.

Како лидер во сегментот на оптичка инфраструктура, постигнат е стабилен напредок во распоредувањето на оптика до домот (FTTH) и миграцијата од бакар на оптика (Cu2F). Ова е исто така дел од стратегијата на МКТ за заштита на животната средина. Со воведувањето на новите технологии и напуштањето на старите, покрај добивањето поголеми брзини и подобра услуга, драстично се намалува потрошувачката на електрична енергија, а

бакарот повторно се користи како ресурс.

До крајот на 2024 година, МКТ го зголеми дофатот на оптика до вкупен број од 344.254 поминати домови со FTTH, што значи дека околу 39,6 % од домаќинствата веќе имаат можност да добијат конекција со оптички влакна. Во однос на распоредувањето на VDSL, има повеќе од 310.000 VDSL поминати домови во фиксната бакарна мрежа. На крајот на 2024 година, бројот на корисници на LTE кутии изнесуваше повеќе од 15.800.

Проектот Copper2Fiber (бакар во оптика) продолжи со фокусирани миграции на одредени производи и со фокусирани миграции во одредени географски подрачја. Миграцијата на корисниците од бакар во оптика беше завршена во шест од седум области во делокругот на проектот, а бакарните кабли и DSL опремата беа демонтирани. Активностите ќе продолжат и во 2025 година, со цел да се обезбеди најдобро корисничко искуство во мрежата на МКТ на уште поголема база на корисници.

Поставувањето на првиот подводен оптички кабел во Македонија, којшто се протега под Дебарското Езеро, беше извршено во третото тромесечје на 2024 година. Овој амбициозен проект ја нагласува посветеноста на МКТ да инвестира во модерна, најсовремена телекомуникациска инфраструктура, поставувајќи нови стандарди за сигурност и достапност и поврзување на корисниците.

До крајот на 2024 година, 93% од населението во земјата има можност да користи 5G технологија. Повеќе од 99,9% од вкупните локации обезбедуваат LTE услуги, а 73,2% од сите базни станици се поврзани со оптика. Обемот на податоци преку 5G исто така се зголемува од месец во месец. Со цел да се обезбеди поефикасна употреба на спектарот фреквенции и оптимизација на комплексната 4RAT (2G/3G/4G/5G) мобилна мрежа, МКТ ја повлече 3G технологијата во текот на првото тромесечје од 2024 година, што резултираше со пооптимизирана и поефикасна мобилна мрежа.

Во основната мрежа, стратегијата на МКТ е целосно усогласена со стратегијата на ДТ за клаудификација на основната мрежа и акцентот беше ставен на натамошното проширување на CIT облакот. Проектот за обновување на Основната пакетска мрежа е во тек со успешно завршување на планираната Фаза 1 во текот на 2024 година. Планирано е сите активности да бидат завршени до крајот на 2026 година. Паралелно започнавме со активности за клаудификација во доменот на говорните услуги.

Растот на широкопојасниот пристап и постојаното зголемување на сообраќајот беа поддржани со понатамошниот развој на IP основна и транспортна мрежа како основа за сите услуги. Мрежата можеше да се справи со овој обем на сообраќај во секое време без никакви проблеми. Во 2024 година, обемот на податоци во мобилната мрежа се зголеми за околу 25 %, во споредба со 2023 година.

Стратешката визија на МКТ во областа на ТВ услугите е да продолжи да биде водечки давател на ТВ услуги на македонскиот пазар, преку обезбедување најдобра ТВ услуга со најрелевантни содржини. Новиот производ Магента ТВ комерцијално беше воведен во првото тромесечје на 2024 година. Тоа е телевизор базиран на Android со најсовремена технологија во облак, што го прави секој телевизор паметен, со што се револуционизира искуството на гледање телевизија со слика со висока дефиниција, интерактивен интерфејс и непречен пристап до содржините на повеќе уреди, истовремено обезбедувајќи пристап до безброј ТВ-апликации на кој било уред.

МКТ е посветена на заштита на животната средина и на намалување на штетното влијание врз природата и во овој процес ја користиме и технологијата. Најголем потрошувач на електрична енергија е мобилната мрежа, која сочинува приближно 55% од целата потрошувачка. За да се намали овој тренд на долгорочен план, МКТ веќе почна да работи на карактеристики и функции базирани на вештачката интелигенција.

**Информатичка технологија**

Во 2024 година, Секторот за ИТ продолжи да ги прифаќа Agile методологиите за да ги поттикне интерните промени насочени на развојот на архитектурата на микросервисите и повлекување на наследените апликации во доменот CRM. Оваа промена им овозможува на вкрстено-функционалните тимови истовремено да работат на одредени микроуслуги, забрзувајќи ги развојните циклуси и промовирајќи модуларен пристап. Беа воспоставени платформи за континуирана интеграција и реализација (CI/CD), обезбедувајќи беспрекорно распоредување и

ажурирање.

Еден од најзначајните потфати до сега е иницијативата Maxis што е насочена кон повлекување на Mobi+, micro-front-end апликација наменета за micro-front-end пристап која што се состои од 20 микроуслуги. Maxis 1.0 (Управување со синџирот на снабдување, управување со договори, опрема, каталог на производи) беше комерцијално лансиран во октомври 2024 година како овозможувач за 30% од дигиталните продажни трансакции. Апликацијата е развиена за помалку од 18 месеци, а беше пуштена во употреба за помалку од 48 часа. Во доменот на фактурирањето (Billing) започна проектот за модернизација на фактурирањето и наплатата (Billing and Charging) и се планира да заврши до крајот на 2025 година. Во фаза на имплементација е нова платформа за Контакт центарот базирана на решение Sprinklr, која се очекува да биде ставена во продукција во текот на 2025 година.

Во текот на 2024 година, МКТ вложи значителни напори во трансформирањето на својата дата инфраструктура, доближувајќи ја кон можноста за носење стратешки одлуки базирани на анализа и толкување на податоците за корисниците и пазарот (Data Driven operations). Фазата 1 од проектот DWH2DEP беше успешно завршена, како и воведувањето на алгоритми за предвидување базирани на ML за конкретни случаи на употреба во рамките на процесите базирани на корисник/производ. Понатамошното проширување во оваа област е во фокусот за 2025 година.

Никола Љушев

Главен извршен директор
Македонски Телеком АД – Скопје

Преведено од Лингва Експерт

**Изјава за усогласеност со Кодексот на корпоративно управување**

Во согласност со Правилата за котација на Македонската берза (член 42 а), Одборот на директори ја дава следната Изјава:

Ние, долупотпишаните членови на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје, изјавуваме дека, во своето работење, Македонски Телеком АД - Скопје се придржува до Кодексот на корпоративно управување за акционерските друштва котирани на Македонска берза АД Скопје, којшто е објавен на веб-страницата на Берзата на www.mse.mk.

Македонски Телеком АД - Скопје се придржува до принципите и најдобрите практики на корпоративно управување пропишани со Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не си применил“ преку пополнување прашалници, чија форма и содржина се пропишани во Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците ќе се објават на СЕИ-НЕТ и на веб-страницата на Македонски Телеком АД - Скопје и дека одговорите содржани во нив се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративно управување од страна на Македонски Телеком АД – Скопје, како што е пропишано со Кодексот на корпоративно управување.

Во име на Македонски Телеком АД - Скопје

Главен извршен директор
Никола Љушев

________________________

**Изјава за примена на кодексот на корпоративно управување**

МКТ е друштво котирано на официјалниот пазар на Македонска берза АД Скопје, во под-сегментот „задолжителна котација".

Заради доследно почитување на членот 384-а од Законот за трговски друштва, МКТ ја дава оваа изјава со која потврдува дека ги применува принципите на добро корпоративно управување во согласност со обврските утврдени во Законот за трговски друштва.

Корпоративното управување, како и етичкото и деловното однесување на менаџментот и вработените во МКТ се гарантирани со интерни акти усвоени од страна на Одборот на директори (ОД) на МКТ и тоа:

1. Кодекс на однесување на МКТ;
2. Кодекс на етичко однесување на финансиските менаџери на МКТ;
3. Прирачник за Програмата за корпоративна усогласеност на МКТ;
4. Директива за воведување на принципи за спречување на измами на МКТ;
5. Директива за усогласеност со принципите за спречување на корумпирано однесување на МКТ;

Компанијата разви сеопфатен Систем за управување со усогласеност и усвои сет интерни акти коишто поставуваат високи барања и стандарди за етичко и деловно однесување на менаџерите и вработените во Компанијата, вклучувајќи ги и членовите на Одборот на директори. Елементите на Програмата за усогласеност се достапни на веб-страницата на Компанијата, вклучувајќи ги и Кодексот на однесување и Кодексот за етичко однесување на МКТ.

Во име на Македонски Телеком АД - Скопје

Главен извршен директор
Никола Љушев